Народна банка на
Република Северна Македонија

Дирекција
за платни системи




# Годишна информација за плаќањата во Република Северна Македонија во 2020 година

# Агенда

- ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ
- КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ
- ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ
- ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА
- ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА
- НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ



# Платежни трансакции со платни инструменти во земјата

**Учество во вкупниот број на безготовински трансакции (%)**




**Учество во вкупната вредност на безготовински трансакции (%)**




- Вкупниот број изнесуваше **140 милиони трансакции, што претставува годишен раст од 10,2%**.
- Вкупната вредност забележа годишен **пад од 5% и изнесуваше 3.859 милијарди денари.**

# Платежни трансакции со платни инструменти - компаративен контекст

## Учество во вкупниот број на безготовински трансакции (%)




## Учество во вкупниот број на трансакции со кредитни трансфери (%)




- **Платежните картички се користат сè почесто во РСМ** (учеството на трансакциите со платежни картички во вкупниот број безготовински плаќања во 2020 година изнесува 56% и бележи годишен раст од 6 п.п., со што се изедначи со просекот на старите земји членки на ЕУ, но е пониско од просекот на земјите од ЦИЈЕ (61%)).
- Од друга страна, **во РСМ кредитните трансфери имаат значително учество** (44%) во вкупниот број трансакции со безготовински платни инструменти, што е над просекот на старите земји членки на ЕУ (21%) и ЦИЈЕ (35%).

- Во РСМ се забележува **релативно ниско учество на електронските кредитни трансфери** (48,8%) во вкупниот број кредитни трансфери, во споредба со старите земји членки на ЕУ (94,2%) и земјите членки на ЦИЈЕ (89,5%).
- Ваквата состојба укажува на потреба од поголема **промоција и едукација за користење на веќе воспоставената инфраструктура за дигитални плаќања** во домашната економија.

# Број на трансакции со кредитни трансфери

- Вкупниот број плаќања со кредитни трансфери во 2020 г. изнесуваше **61,3 милиони**, при што најголемиот број од нив беа иницирани од страна на **правните лица (71,2%),** додека остатокот од физичките лица.
- **Правните лица иницираат 56,1%** од бројот на плаќања со кредитни трансфери во земјата по електронски пат, додека **физичките лица електронски иницираат 30,7%** од вкупниот број кредитни трансфери.







- Од аспект на **уредот на кој се иницирани електронските кредитни трансфери**, најголема примена (98,5%) кај правните лица и натаму има персоналниот сметач, додека, пак, кај физичките лица продолжува трендот на зголемена употреба на апликациите инсталирани на мобилните телефони (32,5%), за сметка на намалувањето на употребата на персоналниот сметач.

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички на уредите лоцирани во земјата




- Број на трансакции **– 106,4 милиони, со годишен раст од 15,6%.**
- Позитивен тренд на **зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **виртуелните и физичките места на продажба во земјата, за сметка на намалувањето на учеството на овие картички за повлекување готовина на банкоматите.**

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички во меѓународен контекст

## Трансакции на уредите лоцирани во земјата со картички издадени надвор од земјата




## Трансакции на уредите лоцирани надвор од земјата со картички издадени во земјата




- Број на трансакции **– 4,4 милиони, со висок годишен пад од 35,6%.** Намалувањето на овие трансакции е очекувано поради затворањето на границите и намалените патувања како последица на глобалната здравствена криза.
- **Тренд на зголемување** на учеството на нерезидентните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **виртуелните места на продажба во нашата земја.**

- Број на трансакции **– 5,7 милиони, со годишен пад од 31,5%** (како резултат на затворањето на границите и бројните процедури за напуштање на земјата и/или влез во другите земји, во време на пандемија).
- **Тренд на зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење на плаќања на уредите на **виртуелните места на продажба** надвор од земјата, при значително намалено учество на **физичките места на продажба**.

# Трансакции на уредите опслужувани од страна на резидентни обезбедувачи на платежни услуги во земјата со картички издадени надвор од земјата

**Учество во вкупниот број трансакции на уредите опслужувани од страна на резидентни обезбедувачи на платежни услуги во земјата со картички издадени надвор од земјата (%, географска поделба по земји)**



# Трансакции на уредите опслужувани од страна на резидентни обезбедувачи на платежни услуги во земјата со картички издадени надвор од земјата



# Трансакции на уредите опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата

**Учество во вкупниот број на трансакциите на уредите опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата (%, географска поделба по земји)**



# Трансакции на уредите опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата

**Учество во вкупната вредност на трансакциите на уредите опслужувани од страна на нерезидентни обезбедувачи на платежни услуги надвор од земјата со картички издадени од земјата (%, географска поделба по земји)**



# Платежна инфраструктура
# во 2020 година

- Вкупниот број платежни картички бележи значителен раст од 14,6%, при **значителна промена од аспект на структурното учество на контактно-бесконтактните картички** во вкупниот број платежни картички со годишен раст од 34%.




**Број платежни картички на крајот на 2020 година**

**2,114,133**






- Учеството на **бројот на** ПОС-терминали **коишто поддржуваат картички со контактно-бесконтактна** технологија во вкупниот број уреди, на крајот на 2020 година, изнесува 72,6%, **или годишен раст од 16%**.
- Висок годишен раст е забележан кај **банкоматите со функција за депонирање готовина (18%),** додека, пак, бројот на банкомати со функција за иницирање кредитен трансфер е стабилен (359).

# Платежна инфраструктура во 2020 година

- Вкупниот број трансакциски сметки на крајот на 2020 година изнесуваше **3,82 милиона сметки** и забележа годишен пад од **3,7%.**



**Физички лица – 95%**

**Правни лица – 5%**

- **Вкупниот број на депоненти** на крајот на 2020 година изнесуваше **1,84 милиони**.
- Депонентите (физички и правни лица) може да имаат една или повеќе сметки во истата банка или во различни банки.

**Депонент физички лице**





**2,1 трансакциски сметки**

**Депонент правно лице**





**1,6 трансакциски сметки**

- **Зголемување од 3 п.п.** на учеството на бројот на сметките коишто нудат можност за електронски плаќања во вкупниот број трансакциски сметки. Сепак, само **14,6% од вкупниот број трансакциски сметки нудат можност за електронски плаќања**, што укажува на ограничена искористеност на дигиталните банкарски канали за вршење на плаќања.
- Оваа ограниченост е особено изразена кај **физичките лица кај коишто само 13,6%** од трансакциските сметки овозможуваат иницирање електронски плаќања, додека состојбата кај **правните лица е умерено подобра, 35,9%.**

**Трансакциски сметки коишто нудат можност за електронски плаќања**

**13,6%**

**Физички лице**







**35,9%**

**Правно лице**

# Платежна инфраструктура во 2020 година

- Бројот на блокирани трансакциски сметки на крајот на 2020 година, коишто се во сопственост на **103.126 блокирани депоненти, изнесуваше 222.290** (или 5,8% од вкупните трансакциски сметки) и оствари **годишен пад од 4%.**

- Блокираните сметки на **физички лица – 184.011** коишто се во сопственост на 76.530 блокирани депоненти физички, бележат пад од 4%, додека, пак, блокираните сметки на **правни лица (38.279)** коишто се во сопственост на 26.596 блокирани депоненти правни лица, бележат годишен пад од 6%.

**Годишни промени кај блокирани сметки (%)**



# Платни системи во земјата во 2020 година

**Вкупна вредност 15.729 милијарди денари**
**Годишен раст од 10,9%**




**Вкупен број на трансакциите 29,6 милиони**
**Годишен пад од 3,6%**



# Надоместоци коишто се наплатуваат од трговците на продажните места во 2020 година

- **Намалување на** надоместоците се забележува речиси кај сите категории, и тоа кај трговците со висок годишен промет од 1 до 10 милиони МКД и над 50 милиони МКД (0,03 п.п.)., додека кај трговците со промет од 10 до 50 милиони МКД за 0,02 п.п.

- **Пораст кај надоместокот е забележан единствено кај трговците со годишен промет понизок од 1 милион за 0,01 п.п.**




- Од аспект на дејноста на трговецот, **највисок надоместок од (1,68%) се наплатува за услугите од „игри на среќа" (1,68%), „државните институции" (1,65%) и „електронската трговија" (1,56%).** Од друга страна, во 2020 **година,** слично како и во 2019 година**, најнизок надоместок** се бележи кај дејноста **„бензиски станици" (0,88%).**

**Надоместоци на продажното место по прагови на промет (%)**




**Надоместоци на продажното место по вид на дејност на трговецот(%)**



# Благодарам